Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ

јануари – декември 2013

Скопје, 2014 година

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| **ЖЕНСКО ЗДРАВЈЕ** | |
| МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА | 4 |
| **ЗДРАВЈЕ НА РОМИТЕ** | |
| МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИ И ДЕЦА | 8 |
| МОНИТОРИНГ ВО ЗАЕДНИЦАТА | 10 |
| ОСНОВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СТАТУС И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРАВА НА РОМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА | 13 |
| **ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ** | |
| ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | 17 |
| ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ | 21 |
| **ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ** | 29 |
| **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ** | |
| МОНИТОРИНГ И ЗАШТИТА НА ЖЕНСКИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА – ОБУКА ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | 34 |
| ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНА, ПСИХОЛОШКА И ЗДРАВСТВЕНА ИНФОРМАЦИЈА И ПОМОШ НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ | 34 |
| ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СУДСКА ЗАШТИТА ПРИ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО | 37 |

# ЖЕНСКО ЗДРАВЈЕ

## МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА (КАРЦИНОМ НА ГРЛО НА МАТКА И КАРЦИНОМ НА ДОЈКА)

Во текот на 2013 година, ЕСЕ продолжи да работи на полето на мониторинг и анализа на буџети со цел зголемување на опфатот на жените со мерките за рано откривање и лекување на карциномот на дојка и карциномот на грло на матка.

Во периодот февруари – март 2013 година извршивме мапирање на здравствените установи и институции вклучени во спроведувањето на Програмата, како и мапирање на системот на финансирање на оваа Програма. Врз основа на изготвената мапа, спроведовме мониторингот врз работењето на следните институции: Министерството за здравство; Фондот за здравствено осигурување; сите извршители на Програмата (јавни здравствени установи на примарно, секундарно и терцијарно ниво), Министерството за финансии; Државниот завод за ревизија; и собраниските комисии за финансии и буџет и здравство. Воедно спроведовме активности за застапување во насока на унапредување на транспарентноста и отчетноста во нивното работење.

По мапирањето пристапивме кон прибирање на релевантни податоци за реализација на активностите и средствата од Програмата. Прибирањето на податоците го извршивме преку: анализа на јавно објавени документи, барања за пристап до информации од јавен карактер, увид на документи и средби со одговорни лица. Следните јавно достапни документи беа предмет на анализа: Упатство за начинот на трезорско работење, Закон за сметководство на буџети и буџетски корисници, Закон за буџети, Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2012 година објавени во Службен весник, Упатствата и правилниците за трезорското работење на институциите од централната власт и ФЗОМ.

Водејќи се од информациите добиени од јавно достапните документи, како и од претходното искуство на ЕСЕ на ова поле, подготвивме стратегија, преку која наизменично баравме копии од документите за програмското и финансиско работење, од секој извршител на Програмата. Целта на ваквиот пристап беше да обезбедиме податоци од повеќе извори кои понатаму ќе можеме да ги споредуваме со цел да ја потврдиме релевантноста на податоците прикажани во документите подготвени од различните извршители.

Покрај поднесувањето на барањата, во текот на постапката за пристап до информации од јавен карактер, оствививме средби и телефонски контакти со претставници од повеќе институции, меѓу кои: Сектор за превентивна здравствена заштита при Министерството за здравство, Центар за јавно здравје Скопје, Центар за јавно здравје Куманово, Општа болница Прилеп, итн. Преку овие контакти добивме информации за тоа со кои документи располагаат институциите, кои документи не постојат во формата во која ги бараме и/или за можниот извор за добивање на бараните документи. Покрај тоа, истите не информираа за проблемите со кои тие се соочуваат при спроведувањето на активностите од Програмата. При тоа како главни проблеми од нивна страна беа наведени: нередовна исплата или пак не исплата на средства по доставена фактура од

страна на Министерството за здравство; тешкотии во спроведување на активностите заради немање на доволни материјални средства и кадар; непостоење на унифицирана здравствена евиденција и статистика; нивна неинформираност за одредени обврски кои произлегуваат од Програмата и сл.
Потоа, пристапивме кон обработка на добиените податоци, односно направивме споредба на планираните наспрема реализираните активности и буџети и споредба на податоците добиени од институции на различни нивоа на имплементација на Програмата.
По анализата на податоците, подготвивме документ во кој ги презентиравме наодите добиени со анализа на програмската и буџетската имплементацијата на двете програмски компоненти од Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2012 година (карцином на грло на матка и карцином на дојка), односно: постои неправилно планирање на програмата и разлики во наративниот и финансискиот дел на Програмата; постои недостаток на податоци за имплементација на скринингот; постојат разлики во податоците кои се однесуваат на програмската и буџетската имплементација на Програмата подготвени од различни извршители на програмата; постојат разлики во податоците за трошењето на средствата подготвени од различни извршители; утврдена е несоодветна координација помеѓу извршителите на скринингот; не постои единствен регистар за скринингот. Покрај тоа методологијата за скрининг за рано откривање на карцином на грло на матка, не е во потполност усогласен со препораките на Светската здравствена организација.

Со цел да го зајакнеме процесот на застапување и да го зголемиме квалитетот на аргументите кои ги користиме во анализата на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, подготвивме и анализа на организацијата на здравствената мрежа за примарна здравствена заштита и територијална распределба на матични гинеколози во Р. Македонија; го утврдивме бројот на жени кои имаат избрано матичен гинеколог и извршивме анализа на средствата кои ФЗОМ ги плаќа на матичните гинеколози во облик на капитација. При тоа утврдивме дека постои несоодветен и недоволен опфат на жените во Р. Македонија со матични гинеколози.

Преку спроведување на активностите за мониторинг и анализа на имплементацијата на Програмата за рана детекција на малигни заболувања ги постигнавме следните резултати:

- проширен број на целни институции за мониторинг и застапување од 1 (една) во 2012 година (Министерство за здравство), на следните институции: сите извршители на Програмата за рана детекција на малигни заболувања (институт за јавно здравје, центри за јавно здравје, општи и клинички болници, универзитетски клиники, здравствените домови); Фондот за здравствено осигурување; Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија;
- анализирани јавно достапните документи кои се релевантни за работата на полето на мониторинг, меѓу кои: Програмата за рана детекција на малигни заболувања објавена во Службен весник, Упатството и начинот за трезорско работење, Законот за сметководство на буџетски корисници, Законот за буџети,

упатствата за трезорското работење на институциите од централната власт и ФЗОМ;
- остварени директни контакти со одговорните лица од 4 (четири) надлежни институции: Министерство за здравство, Центар за јавно здравје Скопје, Центар за јавно здравје Куманово и Општа болница Прилеп;
- извршено мапирање на клучните сектори и лица во Министерството за финансии;
- Подготвено мапирање на клучните сектори и лица во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
- идентификација и преглед на достапните документи кои ги издава Државниот завод за ревизија;
- спроведена постапка на мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на Програмата за рана детекција на малигни заболувања и подготвени извештаи базирани на истата
- подготвена анализа на вкупни трошоци во здравството во Р. Македонија;
- подготвена анализа на финансиското/буџетското работење на ФЗОМ;
- обработени податоците содржани во конечните ревизорски извештаи и утврдивме информации кои би се користеле за застапување;
- воспоставивме соработка со претседателот на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Р. Македонија.

### *МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ОРИО ГРАНТОТ*

Покрај редовниот мониторинг и анализа на спроведувањето на превентивните програми, во 2013 година ЕСЕ започна и со активности за мониторинг и анализа на имплементација на развојната фаза од ОРИО грантот кој Министерството за здравство го доби од Холандската Влада, а е наменет за инфраструктурен развој и унапредување на здравјето на мајките и децата. Проширувањето на мониторингот на овој грант ќе придонесе за унапредување на квалитетот на аргументите и зајакнување на процесот на застапување за зголемен опфат на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги, пред се со услугите од службата за патронажни посети. Вредно е да се напомене дека Министерството за здравство со буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата обезбедува кофинансирање на активностите од овој грант. За оваа цел доставивме барања за пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за менаџирање со ОРИО, Холандија и Министерството за здравство. Во периодот на известување добивме одговори и од двете страни, по што следи обработка на податоците и вклучување на наодите во анализата на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата.

# ЗДРАВЈЕ НА РОМИТЕ

## МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИ И ДЕЦА

Во текот на 2013 година, ЕСЕ продолжи да работи на полето на мониторинг и анализа на буџети и мониторинг на заедницата со цел зголемување на опфатот на децата Роми со задолжителна вакцинација и превентивни здравствени услуги

Во постапката за мониторинг и анализа на програмската и буџетска имплементација на Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата, ги користевме следните методи и техники за обезбедување на релевантни податоци: **мапирање и анализа на јавно достапни документи**; **спроведување на постапка за пристап до информации од јавен карактер**; и **мониторинг во заедницата,** преку пружање на техничка поддршка на ромските граѓански организации кои ја спроведуваат оваа методологија на терен. Иако методите и техниките се слични на оние користени во претходните години, ЕСЕ оваа година направи значителни измени во нивното користење, а со цел за надминување на веќе воочените проблеми и пречки. Имено, го проширивме бројот на целни институции, а воедно превземавме низа на активности со цел унапредување на транспарентноста на јавните институции. Воедно, направивме промени и во начинот на барање на потребните информации, така што наместо информации оваа година баравме документи кои ќе ги поткрепат наводите на институциите. Исто така, постапката за пристап до информации од јавен карактер ја спроведувавме користејќи ги сите механизми за заштита и осигурување на пристапот до информациите од јавен карактер. Во постапката за мониторинг на заедницата, направивме низа на подготовки и започнавме со нов процес на истражување во заедницата, а воедно започнавме со подготвителни активности за вклучување на компонентата за социјална ревизија во тековната работа на полето на мониторинг на заедницата. Активностите кои ги спроведовме на полето на мониторинг и анализа на буџети и мониторинг на заедница, беа континуирано пропратени со мерки за застапување пред целните институции.

Во периодот февруари – март 2013 година, извршивме мапирање на здравствените установи и институции вклучени во спроведувањето на Програмата, како и мапирање на системот на финансирање на оваа Програма. Ова го направивме со цел да ги одредиме институциите и одговорните лица кои се вклучени во реализацијата на превентивните активности, содржани во Програмата.
Врз основа на изготвената мапа, во текот на 2013 година, спроведовме мониторингот врз работењето на следните институции: Министерството за здравство; Заводот за здравствена заштита на мајки и деца; здравствените домови; Фондот за здравствено осигурување; Министерството за финансии; Државниот завод за ревизија и собраниските комисии за финансии и буџет и здравство. Воедно спроведовме активности за застапување пред овие институции, во насока на унапредување на транспарентноста и отчетноста во нивното работење.
По мапирањето на релевантните институции ги прибравме податоците за реализацијата на активностите и средствата на Програмата, преку вообичаените постаки за прибирање на информации кои ги користи ЕСЕ. Извршивме анализа на следните јавно достапни документи: Упатство за начинот на трезорско работење, Закон за

сметководство на буџети и буџетски корисници, Закон за буџети, Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2012 година објавена во Службен весник, Упатствата и документи за уредување на работата на патронажните служби и трезорското работење на институциите од централната власт и ФЗОМ.
И при мониторингот на оваа Програма баравме копии од документите за програмското и финансиско работење, кои секој извршител е должен да ги подготви според Програмата. Целта на ваквиот пристап беше да обезбедиме податоци од повеќе извори кои понатаму ќе можеме да ги споредуваме со цел да ја потврдиме релевантноста на податоците прикажани во документите подготвени од различните извршители.
Покрај поднесувањето на барањата, во текот на постапката за пристап до информации од јавен карактер, оствaривме и директни средби и телефонски контакти со претставници од следните институции: Сектор за превентивна здравствена заштита при Министерството за здравство, Здравствен дом Скопје, Здравствен дом Струмица и Здравствен дом Охрид. Преку овие контакти горенаведените добивме информации за тоа со кои документи располагаат овие институции, кои документи не постојат во формата во која ги бараме и/или можниот извор за добивање на бараните документи. Покрај тоа, истите не информираа за проблемите со кои тие се соочуваат при спроведувањето на активностите од Програмата. При тоа како главни проблеми од нивна страна беа наведени следните: нередовна исплата или пак не исплата на средства по доставена фактура од страна на Министерството за здравство; тешкотии во спроведување на активностите заради немање на доволни материјални средства; непостоење на унифицирана здравствена евиденција и статистика; нивна неинформираност за одредени обврски кои произлегуваат од Програмите и сл.

Потоа пристапивме кон обработка на податоците, односно направивме споредба на планираните наспрема реализираните активности и буџети предвидени со Програмата.

Анализата на податоците ја искористивме за да подготвиме документ за програмската и буџетската имплементација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во 2012 година. Овој документ е во фаза на финализирање , а неговата содржина ќе биде надополнета со резултатите кои ќе се добијат од процесот на истражување во заедницата и социјалната ревизија, кои се спроведуваат од страна на партнерските организации во овој период. Врз основа на наодите од двата процеси во наредниот период во соработка со партнерските организации ќе започнеме процес на подготовка на стратешки план за застапување на национално ниво, по што истиот ќе биде спроведен.

Преку спроведување на активностите за мониторинг и анализа на програмската и финансиската реализација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2012 година, ги постигневме следните резултати :

- го проширивме бројот на целни институции за мониторинг и застапување од две (2) во 2012 година (Министерство за здравство и Завод за здравствена заштита на мајките и децата), на следните институции: сите извршители на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата (Здравствените домови); Фондот за здравствено осигурување; Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија;

- анализиравме јавно достапни документи кои се релевантни за работата на полето на мониторинг, меѓу кои: Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2012 година објавени во Службен весник, упатството и начинот за трезорско работење, Законот за сметководство на буџетски корисници, Законот за буџети, упатствата и документи за уредување на работата на патронажните служби и трезорското работење на институциите од централната власт и ФЗОМ;
- оствариме директни контакти со одговорни лица од четири (4) институции (Министерство за здравство, Здравствен дом Скопје, Здравствен дом Струмица, и Здравствен дом Охрид) кои се надлежни за спроведување на Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во 2012 година;
- извршивме мапирање на клучните сектори и лица во Министерството за финансии;
- извршено мапирање на клучните сектори и лица во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
- извршивме идентификација и преглед на достапните документи кои ги издава Државниот завод за ревизија;
- спроведовме постапка за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и подготвивме извештаи базирани на истата;
- подготвивме анализа на вкупни трошоци во здравството во Р. Македонија;
- подготвивме анализа на финансиското/буџетското работење на ФЗОМ;
- обработивме податоци содржани во конечните ревизорски извештаи и утврдени информации кои бе се користеле за застапување;
- започнавме со мониторинг на имплементацијата на развојната фаза на ОРИО грантот;
- воспоставивме соработка со претседателот на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Р. Македонија.

## МОНИТОРИНГ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Во 2013 година ЕСЕ продолжи да обезбедува техничка поддршка и координирање на четирите партнерски организации во однос на спроведување на активностите на мониторинг на заедницата на локално ниво, како и на активностите кои се спроведуваат на национално ниво. Техничката помош и координативните активности се состојат од: активности за градење на капацитети на партнерските граѓански организации; организирање на информативни и координативни средби во однос на размена на информации и искуства од спроведување на процесот и заедничко планирање на идните активности; обезбедување на комуникација помеѓу граѓанските организации и надворешните соработници ангажирани за унапредување на процесот на мониторинг на заедницата; воспоставување на систем на постојана размена на информации; надгледување и следење на процесот на имплементација; техничка помош при подготовка на различни материјали од страна на организациите вклучени во процесот; техничка помош при подготовката на методологиите за работа; координирање на

процесот на планирање на активностите за застапување и процесот на застапување и јакнење на капацитетите на партнерските организации.

Следните активности беа преземени во 2013 година:

- **Подготовка на национална стратегија за застапување и локални стратегии за застапување.** Националната стратегија за застапување за 2013 година беше подготвена од страна на сите партнерски организации во процес координиран од страна на ЕСЕ. При подготовката на националната стратегија за застапување беа земени во предвид целите и активностите за застапување одредени во стратегијата за 2012 година, како и наодите од спроведениот мониторинг во заедницата и спроведениот мониторинг на Програмата на национално ниво. Согласно на подготвената стратегија во текот на 2013 година, Здружението ЕСЕ во соработка со партнерските организации спроведе низа на активности за застапување пред надлежните органи, вклучувајќи: доставување на предлог мерки за зголемен опфат на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги до работната група за ревизија на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата подржана од Светската здравствена организација и Министерството за здравство. Во оваа насока, до работната група беше подготвено и поднесено барање со конкретни мерки базирани на наодите од спроведениот буџетски мониторинг и мониторингот во заедницата. Воедно беа остварени средби со следните членови на работната група - Проф. Д-р Елена Ќосевска од Институтот за јавно здравје, Нермина Факовиќ и Сенад Мемеди од Министерството за здравство. Преку доставените документи и средбите, обезбедивме поддршка од работната група и сите предложени мерки беа прифатени од истата и беа вклучени во предлог Програмата за 2014 година. Остваривме средба со Ибраим Ибраими, заменик министер од Министерството за труд и социјална политика. Главна цел на состанокот беше да се обезбеди поддршка и да се изнајдат начини за унапредување на доставата на поканите за вакцинација во ромските средини. Заменик министерот изрази разбирање за проблемите и се заложи дека ќе преземе потребни мерки за вработување на курири Роми, по пат на прераспределба на кандидатите кои се вработени преку огласот за вработување на лица од ранливи категории на граѓани во ЈП Македонски шуми. Понатаму на заменик министерот му беа претставени и конкретните барања кои организациите ги доставија до Министерството за здравство, а со цел нивно вклучување во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2014 година. Заменик министерот се заложи да даде поддршка за истите мерки пред Министерството за здравство. Исто така, беа спроведени активности за медиумско застапување. Во оваа насока од страна на партнерските организации беше основана група за медиумско застапување. Групата работи со техничка поддршка од страна на ЕСЕ. Групата за медиумско застапување по повод Европската недела за имунизација (од 22 до 27 април) подготви соопштение за медиуми кое беше доставено до 23 медиумски куќи и објавено на 2 интернет портали. На 07.11. 2013 година беше одржана и конференција за печат на која беа претставени главните наоди од мониторингот.

- **Подготвителни активности за спроведување на истражување во заедницата**. ЕСЕ и партнерските организации започнаа со подготвителни активности за спроведување на втор процес на истражување во заедницата по однос на опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги. Воедно партнерските организации се договорија дека со истражувањето во овој циклус покрај децата од 0 – 5 години, ќе бидат опфатени и децата на возраст од 6 – 15 години. Ова проширување на истражувањето е во согласност со определбите на ЕСЕ да го прошири мониторингот на национално ниво и на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите. За потребата на истражувањето, подготвивме прашалници (за двете целни групи одделно). Исто така беа подготвени и прашалници за здравствени работници. Потоа партнерските организации започнаа со спроведување на истражувањето на терен.

- **Испитување на можностите за проширување на примената на методологијата за мониторинг во заедницата и на други полиња на кои работи ЕСЕ.** Во текот на 2013 година ЕСЕ и партнерските организации се договорија за проширување на работата, преку: вклучување на методологијата на социјална ревизија во постоечката работа на полето на имунизација на децата Роми; проширување на работата на полето на мониторинг на заедницата и социјална ревизија на прашањето за опфат на жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги, особено со превентивните услуги за рано откривање на карциномот на грлото на матката. Во 2013 година ги финализиравме подготвителните активности за започнување со процесот на социјална ревизија на полето на имунизација на децата Роми, односно ревизија на извештаите и дневниците за работа на патронажните сестри во ромските средини. За таа цел од страна на ЕСЕ беа подготвени барања за пристап до информации од јавен карактер, преку кои ќе бидат побарани потребните документи (дневници и извештаи од патронажни сестри). Истите барања беа поднесени и од страна на партнерските организации.

Преку спроведување на активностите за мониторинг во заедницата во текот на 2013 година беа постигнати следните резултати:

- подготвени стратегии за локално застапување од страна на четирите партнерски ромски граѓански организации со техничка поддршка од страна на ЕСЕ;
- подготвена и спроведена национална стратегија за застапување од страна на сите партнерски организации со координација и поддршка од страна на ЕСЕ;
- вклучување на предложените мерки за зголемен опфат на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги (предвидени во стратегијата за застапување) во предлог Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2014, подготвена од страна на работната група која работи на ревизија на Програмата, во процес поддржан од страна на СЗО и Министерството за здравство;
- во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ за 2014 година, усвоена од Владата на РМ, зголемен е обемот на активности за здравствена едукација на ромски семејства за вакцинација и детско здравје на 5.000 семејства во 2014, од само 6 едукативни настани во 2013 година,

- во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ за 2014 година, усвоена од Владата на РМ, зголемен е износот на алоцирани средства за едукативните активности во ромски средини на 250.000,00 денари во 2014, за разлика од алоцираните 30.000,00 денари во 2013 година.
- подготвени предлог проекти од страна на три партнерски ромски граѓански организации за нивната работа во периодот јули 2013 – јуни 2014, со техничка помош од страна на ЕСЕ; и
- спроведени активности за медиумско застапување од страна на персоналот на ЕСЕ и партнерските ромски граѓански организации со техничка поддршка од страна на ЕСЕ;
- подготвена методологија за спроведување на истражување во заедницата за опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги, и тоа за деца од 0 -5 години и за деца од 6 – 15 години
- подготвени алатки (5 прашалници) за спроведување на истражувањето во заедницата за деца на возраст од 0 – 5 години;
- подготвени алатки (3 прашалници) за спроведување на истражувањето во заедницата за опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги, за деца на возраст од 6 - 15 години.
- подготвен прелиминарен план за проширување на примената на методологијата на мониторинг на заедницата, преку вклучување на методологијата на социјална ревизија и проширување на полето на работа во однос на опфатот на жени Ромки со превентивни гинеколошки услуги.

## ОСНОВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СТАТУС И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРАВА НА РОМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Потребата од подготовка на основна студија за здравствената состојба на ромското население, здравствените детерминанти и пристапот до здравствена заштита, почитувањето на човековите права во здравствената заштита и усогласеноста на домашното законодавство со меѓународни утврдените стандарди за почитување и спроведување на здравствените права, произлезе од недостатокот на овие релевантни податоци. Основната студија се заснова на податоци добиени преку: спроведено теренско истражување на примерок од ромско население и население од останатите етнички групи кои живеат во близина на ромското население; како и преку преглед и анализа на достапни релевантни документи.

Во почетната фаза на спроведување на проектот, ЕСЕ идентификуваше надворешни експерти кои ќе учествуваат во подготовката и реализацијата на истражувањето и подготовката на финалната студија, односно како надворешни експерти беа идентификувани Проф. Д-р Елена Ќосевска и Асс. Д-р Блашко Касапинов.

Со цел да се соберат потребните податоци предвидени со теренското истражувањето беше дизајниран структуриран анкетен прашалник, додека за потребите на спроведување на дискусиите во фокус групите беше подготвен делумно структуриран прашалник (водич) за дискусија. За потребите на теренското истражување беше

подготвен примерок на испитаници, според кои се спроведе истражувањето, од страна на надворешен соработник – Проф. Д-р Аница Драговиќ, демограф од Филозофскиот факултет во Скопје.

Дополнително беа идентификувани и селектирани 18 анкетари. Дел од анкетарите беа идентификувани од страна на ромските граѓански организации, а дел од докторите кои се вработени во Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје. Со цел анкетарите да бидат запознаени со методологијата и начинот на спроведување на теренското истражување, со начинот на селекција на примерокот, како и со прашалникот според кој ќе го спроведуваат истражувањето, од страна на ЕСЕ беше спроведена обука (инструктажа) за анкетари.

По добиената обука анкетарите го спроведоа теренското истражување помеѓу Ромите и населението од останатите етнички групи според претходно подготвениот примерок во 10 општини во Р. Македонија каде што живеат мнозинството од Ромите. Дискусиите во фокус групите беа исто така спроведени со ромско население и со население од останатите етнички групи кои живеат во близина на ромските населби и тоа во општините Шуто Оризари и Делчево. Исто така во општина Делчево беше спроведена и дискусија со здравствени работници кои работат во истата општина.

Собраните податоци беа внесени и статистички анализирани во статистичката програма Epi Info. Статистичката обработка беше направена со цел да се прикаже споредбата на состојбите помеѓу ромското население од една страна и помеѓу припадниците на останатите етнички групи од друга страна. Од аудио записите од дискусиите во фокус групите беше направена транскрипција во форма на текстуален запис. Изјавите на испитаниците беа искористени за илустрација на одредени состојби преку цитирање на истите во финалниот извештај од студијата.

За потребите на истражувањето анализиравме и низа на јавно достапни релевантни документи, и тоа: Уставот на РМ, законски и подзаконски акти, стратегии, програми, меѓународни документи и останати секундарни извори (анализи, извештаи и сл.). Подготвената анализа од овој процес имаше за цел да ја потенцира потребата од усогласувањето со меѓународно утврдените стандарди за човекови права, односно стандардите во однос на уживање и спроведување на здравствените права гарантирани со меѓународните инструменти, како и потребата од спроведувањето на здравствените права мерено со помош на релевантно утврдени индикатори.

Финалниот извештај од студијата содржи наоди структурирани на следниот начин:

- Меѓународна и регионална правна рамка за заштита на правото на здравје,
- Уставна и законска рамка,
- Здравствената стратегија 2020 и акционите планови за здравство на РМ,
- Вклучување на граѓаните при подготовка и спроведување на здравствените политики,
- Финансирање во здравството,
- Средства во јавниот буџет за здравство обезбедени од надворешни извори,
- Социо – економските фактори како социјални детерминанти на здравјето,
- Здравствена состојба,

- Здравствена заштита,
- Права на пациенти,
- Пристап до лекови,
- Пристап до здравствените услуги за здравјето на жените,
- Дискриминација.

Следните резултати беа постигнати во 2013 година:

- подготвена анализа за состојбите по однос на здравствената состојба, правото на здравје и пристапот до здравствените услуги помеѓу ромското население, прикажано во споредба со состојбите кај населението од останатите етнички групи;
- подготвена анализа на релевантните документи со цел да ја потенцира потребата од усогласувањето со меѓународно утврдените стандарди за човекови права, односно стандардите во однос на уживање и спроведување на здравствените права гарантирани со меѓународните инструменти, како и потребата од спроведувањето на здравствените права мерено со помош на релевантно утврдени индикатори;
- подготвена финален извештај кој ги вклучува наодите добиени по анализата на податоците од теренското истражување;
- подготвена студија која ги вклучува двете претходно наведени анализи и која дава целосен приказ на состојбите по однос на здравјето, пристапот до здравствената заштита и остварувањето на право на здравје, за ромското население во РМ.

# ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ

**ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Во текот на 2013 година, ЕСЕ продолжи со реализација на започнатите активности во насока на промовирање на концептот на Човекови права во здравствена заштита, но и користење на нови пристапи во насока на ефектуирање на правото на здравје и права на пациенти, со особен фокус на активности за застапување на права на пациенти на маргинализирани групи.

**Континуирано обновување на содржината на Прирачникот за практичари„ Човекови права во здравствена заштита“.**Процесот на континуирано обновување на содржината на прирачникот претставува редовен и организиран процес на следење на националната законска рамка, интегрирање на измените и дополнувањата на позитивните прописи кои се користени и цитирани во прирачникот, се со цел континуирано и навремено запознавање и информирање на практичарите (здравствени работници и соработници, правници, адвокати, судии, раководители на здравствени установи, претставници на граѓански организации) со новините во однос на здравствените прашања. Процесот на континуирано обновување на содржините од прирачникот и информираноста на практичарите е една од основните активности која придонесува во насока на користење на законските можности за заштита на правото на здравје и заштита на правата на пациенти од страна на практичарите.Имено, во текот на 2013 година, идентификуваните новини беа инкорпорирани во претходно утврдена матрица за следење. Внесувањето во наведената матрица се одвива на квартално ниво. Воедно, ЕСЕ работеше на поставување на електронското издание на Прирачникот (од PDF формат во Word формат), во кој треба да се интегрираат идентификуваните измени и дополнувања на содржините од прирачникот.

**Подготовка на Брошура за права на пациенти со фокус на лица со интелектуална попреченост.** Како надополнување на претходно подготвените брошури за права на пациенти со фокус на лица кои користат droги и права на пациенти - Роми, во втората половина од 2013 беше подготвена и брошура за права на пациенти со фокус на лицата со интелектуална попреченост. Брошурата беше подготвена во соработка со здружението на граѓани – ПОРАКА и истата беше испечатена во 3000 копии. По подготовката на истата, брошурите беа дистрибуирани до сите 17 регионални дневни центри за поддршка на лицата со интелектуална попреченост.

**Одржување на веб страна наменета за практичари и општа јавност.** Веб страната *www.healthrights.mk* служи како важен ресурс за информации од областа на човековите права во здравствена заштита, вклучувајќи ги и правата на пациентите и истата е наменета за пошироката професионална јавност, но и општа јавност, односно пациентите.

По воспоставувањето на веб страната и поставувањето на релевантни содржини на истата во 2012 година, во 2013 година следеше процес на нејзино секојдневно ажурирање и надополнување. Имено, во овој период на веб страната беа поставени релевантни публикации кои се однесуваат на различни здравствени прашања, како и меѓународни и домашни вести. За илустрација, во текот на 2013 година, на веб страната беа поставени 197 публикации, 27 превентивни и куративни програми на

Министерството за здравство, 219 домашни вести и 692 меѓународни вести. Во предметната година 7255 лица ја посетиле веб страната *www.healthrights.mk*, а пак биле реализирани 11.096 посети.

**Дистрибуирање на Прирачник за практичари и Брошури за права на пациенти.** Имено, наведените продукти, подготвени во рамки на иницијативата „Човекови права во здравствена заштита“ беа дистрибуирани до повеќе високо образовни установи, односно до Правни факултети при следниве универзитети (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Универзитет МИТ, Универзитет на Југоисточна Европа, Универзитет ФОН, Универзитет American colledge и Европски универзитет. Исто така 1650 примерока од општата брошура за права на пациенти беа дистрибуирани до Здружението на доктори по социјална медицина. Воедно, беа дистрибуирани по 50 општи брошури до 30 Центри за јавно здравје и нивни подрачни единици и до Институтот за јавно здравје на РМ. Примероци од брошурите беа делени и на обуките и работна средба организирана од страна на ЕСЕ.

**Меѓународен механизам за заштита на човекови права, вклучувајќи го и правото на здравје – УПР (Универзален периодичен преглед).** Во рамките на оваа активност, односно процес беа преземени низа активности во насока на подготовка на заеднички поднесок за спроведување на здравствените права од страна на ЕСЕ.

Најпрвин беше одржана обука за здруженија на граѓани кои работат на здравствени прашања на маргинализирани заедници под наслов „Подготовка на заеднички поднесок за здравство во рамки на УПР“. Обуката се одржа на 13 и 14 март од страна на Mariana Berbec Rostas, Фондација Отворено Општество од Будимпешта. Обуката беше реализирана со техничка и експертска помош обезбедена од страна на Фондациите Отворено Општество Њујорк и Македонија. На обуката присуствуваа 10 претставници од граѓанскиот сектор, три претставници од Фондација Отворено Општество Македонија, пет претставници од Здружението ЕСЕ, како и пет правни професионалци и адвокати кои работат на здравствени прашања. Обуката имаше за цел запознавање на претставниците од граѓанскиот сектор, како и правните професионалци со овој меѓународен механизам , но исто така и со процесот на подготовка на заеднички поднесок до Советот за човекови права при Обединети Нации. Дополнително, преку работа во групи се обезбеди учесниците да ги идентификуваат приоритетните здравствени проблеми со кои се соочуваат целните групи кои тие ги застапуваат и кои треба да бидат интегрирани во заедничкиот поднесок за здравство.

По одржувањето на обуката ЕСЕ започна со процесот на подготовка на заедничкиот поднесок. Следниве здруженија на граѓани се согласија за понатамошно учество во процесот на подготовка на овој документ: КХАМ, Делчево; РОМА СОС, Прилеп; Ромски ресурсен центар, Национален Ромски Центар, ЛГБТ при Хелсиншки Комитет, ПОРАКА, Отворена порта – Ла Страда, ХЕРА, ХОПС, и Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници„. Процесот на консултации преку организирање на три работни средби за подготовка беше воден од страна на ЕСЕ. Во текот на работните средби, секоја од вклучените организации даде конкретни предлози за унапредување на

поединечните текстови на организациите, но и предлози во однос на формулирањето на конкретни препораки за унапредување на состојбите.
За потребите на овој процес, здружението подготви: насоки за организациите за подготовка на индивидуални текстови за правото на здравје на поединечните ранливи групи, предлог структура на заедничкиот поднесок и подготовка на листа на прашања за добивање на информации од јавен карактер. По подготовката на поединечните текстови на ниво на организација, здружение ЕСЕ работеше на ревидирање и формулирање на содржината, сублимирање и финално вобличување на поединечните текстовите во еден заеднички документ, соодветен на бараните стандарди на Обединети нации за подготовка на поднесок до Советот за човекови права.

Претставник на ЕСЕ на 29.11.2013година во рамки на процесот на УПР при Советот за човекови права во Женева ги презентираше клучните сфери на загриженост и препораките за унапредување на здравствениот статус на повеќе ранливи групи во Р. Македонија, односно на: **Ромите, лицата кои живеаат со ХИВ/СИДА, ЛГБТ лица, жените, лицата со интелектуална попреченост и жртвите на трговија со луѓе.** Учеството на пред - сесијата имаше за цел презентирање на состојбите во Р. Македонија во однос на почитување на севкупниот корпус на човекови права, како и преземените активности во насока на унапредување на состојбите од 2009 година (Првиот циклус на известување на РМ) до вториот циклус на известување, односно февруари, 2014 год. Дополнително, со цел лобирање на постојаните мисии на државите членки на ООН, им ги доставивме следните документи: заедничкиот поднесок, листа на клучни наоди и препораки и примерок од оралната изјава подготвена за пред сесијата. Исто така, овие документи беа пратени и во електронска форма до постојаните мисии на земјите кои не беа присутни на пред сесијата, со цел истите да можат да ги искористат во формулирањето на своите препораки до Р. Македонија на официјалната 18-та сесија. По одржувањето на пред сесијата, во декември работната група за УПР на Советот за човекови права подготви Сумарен извештај, како компилација на севкупните документи добиени од страна на државата, меѓународните институции и националните здруженија на граѓани. Предметниот извештај во делот „Право на здравје„ ги опфати сите клучни наоди кои беа презентирани во заедничкиот поднесок на ЕСЕ и 10 граѓански организации
.

**Подготовка на видео за застапување.** ЕСЕ во соработка со КХАМ Делчево, а со финансиска поддршка од Фондациите Отворено Општество Њујорк и Македонија, продуцираше кратко видео со наслов: Бариери во пристапот до здравствена заштита на Ромите. Подготвеното видео ги илустрира бариерите со кои се соочуваат Ромите во пристапот до здравствена заштита, конкретно одбивањето на обезбедување на услугите од страна на службата за Итна медицинска помош. Со оглед на фактот дека сторијата на ликот од видеото не претставува единствен случај на не обезбедување на навремена здравствена заштита преку услугите на Службите за итна медицинска помош за Ромите, ЕСЕ предложи и вклучување на повеќе здруженија на граѓани во кампања која ќе има за цел : **Обезбедување на навремена Итна медицинска помош за Ромите**. Следниве организации изразија подготвеност за вклучување во акциите за застапување, и тоа: Ромски ресурсен центар, ЦДРИМ, ЛИЛ, ХОПС, ХЕРА, Коалиција „ Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници, РОМА СОС и Национален Ромски центар. Основна

алатка, која беше користена во севкупниот процесот на застапување пред надлежните здравствени институции односно Министерството за здравство е потпишувањето на „online" петиција, од страна на сите заинтересирани. Подготвената петиција беше поставена на change.org. Исто така видеото и петицијата беа поставени на основната веб страна на ЕСЕ, како и на тематската веб страна: *www.healthrights.mk.* Дополнително, вклучените организации придонесоа кон помасовно промовирање на видеото, како и пошироко анимирање на заинтересираните за потпишување на петицијата преку нивното поставување на своите веб страни, на социјалните мрежи, електронските медиумски портали и печатени медиуми. На подготовката на видеото претходеше обука која имаше за цел стекнување на знаења на претставниците на ЕСЕ во однос на подготовка на филмувана сторија за прекршување на здравствени права. Наведената обука се реализираше во периодот од 12 -14 Јуни во Женева.

**Активности за градење на капацитети на полето на човековите права во здравствената заштита.** Во 2013 година се спроведоа две обуки и тоа: обука под наслов „Стратешко застапување на случаи на прекршувања на човекови права во системот на здравствена заштита" и обука под наслов „Човекови права во здравствена заштита„. Во периодот 04-05 септември во хотел Арка, Скопје, се реализираше дводневна обука на тема:„Стратешко застапување на случаи на прекршување на човекови права во системот на здравствена заштита„. Истата беше реализирана во соработка со организацијата INTERRIGHTS од Англија, чиј примарен мандат е судско застапување на стратешки случаи на прекршување на човекови права. Дводневната обуката беше спроведена од страна на претставник од организацијата INTERRIGHTS, во однос на прашањата кои се поврзани со концептот на стратешко застапување на случаи, и од страна на експерт кој има долгогодишно искуство во застапување на случаи пред Европскиот суд за човекови права. На обуката беа поканети и присуствуваа партнерски организациите со кои здружение ЕСЕ работи во насока на унапредување на правото на здравје на ранливи групи на население и тоа: ХОПС – Опции за здрав живот, Коалиција "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници", Отворена порта – Ла Страда Македонија, КХАМ Делчево, ЛГБТ центар при Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Асоцијација за здравствена едукација и истражување (Х.Е.Р.А.), Македонско здружение на млади правници и Фондација Отворено Општество Македонија.

Како дел од процесот на информирање за концептот на човекови права во здравствена заштита, во периодот од 22 и 23 јуни , во Скопје, беше реализирана дводневна обука наменета за нова група на учесници, односно претставници на здруженија на пациенти. Предавачи на наведената обука за човекови права во здравствена заштита беа претставници од Министерство за здравство, Државен Санитарен и Здравствен Инспекторат (ДСЗИ), Комисија на град Скопје за заштита на права на пациенти и здружение ЕСЕ. Претставници од следниве девет организации присуствуваа на обуката: Македонско научно здружение за аутизам, Здружение на пациенти со бубрежни заболувања –Нефрон, Здружение на пациенти со ретки болести „Живот со предизвици", Здружение на пациенти со хемофилија- Хемолог, Сојуз на Здруженија на пациенти со дијабетес, ЦДРИМ, како и претставниците на Јавна здравствена установа - Градска општа

болница „8-ми Септември“. Обуката имаше за цел презентирање на концептот на човекови права во здравствена заштита, законската регулатива во однос на правото на здравје и здравствена заштита, права на пациенти согласно на Законот за заштита на права на пациенти, права на пациенти од областа на здравствено осигурување, улогата на ДСЗИ и заштита на права на пациенти на локално ниво.

Во 2013 беа постигнати следните резултати:

- ажурираната содржината на Прирачникот за практичари преку разгледување на домашни прописи од областа на здравството и утврдена потреба од негово обновување;
- зајакната и проширена соработка со практичари и претставници на граѓански организации на полето на заштита на права на пациентите преку одржување на две обуки;
- известување пред меѓународни тела за човекови права во рамки на Организацијата на Обединетите Нации (Совет за човекови права) преку подготовка на извештај во сенка (Универзален периодичен преглед) за степенот на остварување на здравствените права во Република Македонија;
- зголемено информирање, односно запознавање на здруженија на пациенти со: основите на човековите права во здравствената заштита преку Прирачникот за човековите права во здравствената заштита; домашното законодавство и начините за заштита на правото на здравје во нашата земја; правата и обврските на пациентите во остварување на здравствената заштита и здравственото осигурување; институциите кои работат на полето на обезбедување на здравствена заштита, здравствено осигурување и правна заштита во нашата земја, механизмите за заштита на правото на здравје, како и новините на полето на заштита на права на пациенти;
- зголемена свесноста за правата на пациентите кај општата популација и кај лицата - припадници на маргинализирани групи, посебно лицата со интелектуална попреченост преку подготовка на брошура во соработка со здружение на граѓани со долгогодишно искуство во оваа област;
- подготовка на видео материјал за застапување преку презентирање на реален случај на прекршување на правото на здравје во Република Македонија;
- подготовка и објавување на статија за весник „Здравјето и човековите права“ во рамки на Универзитетот Харвард.

## ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

Во текот на 2013 година ЕСЕ продолжи да презема напори во однос на воспоставувањето на концептот на параправна помош во областа на здравствената заштита за Ромите и обезбедувањето на поддршка на локалните ромски партнерски организации во чии рамки функционираат програмите за параправна помош и се обезбедува помош и поддршка за надминување на идентификуваните здравствени проблеми и реализирање на здравствените права за локалното ромско население. Потребата за продлабочување

на напорите кои организацијата ги презема на ова поле е повеќе од оправдана доколку земеме предвид дека идентификуваните проблеми со кои се соочуваат Ромите во однос на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти се уште постојат и значително влијаат на пристапот до услугите и квалитетот на здравствена заштита кој го остварува оваа маргинализирана група.

Активностите преземени во текот на 2013 година претставуваа надополнување на постигнатите резултати и унапредување на работата на програмите за параправна помош во партнерските организации. ЕСЕ продолжи со активностите насочени кон институционално јакнење на организациите, како и на човечките ресурси (координаторите и параправниците) во програмите за параправна помош. Паралелно се одвиваа активностите на ниво на ромските партнерски организации поврзани со работењето на програмите за параправна помош и нивна афирмација во заедницата.

Параправната помош и поддршка се обезбедува преку следните партнерски организации: Центар за демократски развој и иницијатива – ЦДРИМ, Ромски Ресурсен Центар од Шуто Оризари и Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „КХАМ“ Делчево.

Во рамки на активностите насочени кон јакнење на капацитетите на локалните ромски партнерски организации беа реализирани следните активности:

- **Обуки на програмите за параправна помош.** Во текот на 2013 година ЕСЕ продолжи со организирање на активностите насочени кон институционално јакнење на капацитетите на програмите за параправна помош. Едукацијата на координаторите и параправниците се организираше врз основа на претходно идентификувани потреби на локалното ромско население преку работата на програмите за параправна помош. Па така, во периодот 01-03 март, 2013 година во хотел Best Western, Скопје, се одржа обука за координаторите и параправниците од трите партнерски ромски организации, при што фокусот беше ставен на зголемување на нивните знаења и вештини од областа на пазарот на труд и остварувањето на правата на Ромите во оваа област. На обуката присуствуваа вкупно 11 учесници, четворица претставници на ЕСЕ и еден обучувач (вкупно 16 лица). Втората обука ги опфати следните содржини: склучување на договор за работа, права и обврски од работен однос, пријавување на работен однос; забрана на дискриминација при вработување и за време на работниот однос, откажување на договор за вработување; платени и неплатени отсуства и мирување на работен однос; безбедност и здравје при работа, Државен инспекторат за труд. На 15.04.2013 година во ГЕМ Клуб, Скопје се одржа обука, при што фокусот беше ставен на зголемување на нивните знаења и вештини од областа на недискриминацијата. На обуката присуствуваа девет (9) учесници и двајца претставници на ЕСЕ и еден обучувач (вкупно 12 лица). Третата обука ги опфати следните содржини: дискриминација, основи на дискриминација и облици на дискриминација; исклучоци од дискриминација; случаи на дискриминација (преку примери на дискриминација по повеќе основи со фокус на расна, национална и дискриминација по основ на хендикеп); постапка пред Комисијата за заштита од

дискриминација и судска заштита. Значајно е тоа што последниот дел од сесијата беше фокусиран на работењето на Комисијата за заштита од дискриминација, односно надлежноста и начинот на нејзино постапување по поднесени претставки за дискриминација. На оваа сесија ромските организации презентираа случаи на дискриминација идентификувани во текот на обезбедувањето на параправна помош и добија практични совети во однос на соодветно идентификување на дискриминаторски дејствија. Во периодот 18-20 октомври во Скопје се одржа почетната обука за ромските партнерски организации на ЕСЕ. Обуката претставуваше повторување на воведната обука која беше организирана во рамките на претходната годишна програма и истата ги содржеше следните компоненти: систем на здравствена заштита во Р. Македонија, заштита на права на пациенти, права од здравствено осигурување и улогата на Државниот здравствен и санитарен инспекторат. Концептот беше осмислен и презентациите подготвени на начин кој овозможи лицата кои веќе ја имаа поминато обуката да го повторат своето знаење, додека новите параправници имаа можност да стекнат основно знаење и вештини за обезбедување на параправна помош во нивните заедници. На обуката присуствуваа девет (10) учесници, двајца претставници на ЕСЕ и тројца обучувачи (вкупно 14 лица). Последната сесија од обуката беше посветена на планирањето на активностите на локално ниво од страна на секоја од програмите за параправна помош. Покрај редовното обезбедување на параправни услуги, испланирани беа и останатите промотивни и едукативни активности со утврдување на временска рамка за нивното спроведување.

- **Развивање на библиотека со ресурси.** ЕСЕ во континуитет обезбедува поддршка на програмите за параправна помош преку нивно редовно информирање за промените и новините во системот на здравствена заштита. Во изминатиот период по електронски пат од страна на ЕСЕ беа доставувани информации за најновите измени и дополнувања на законската регулатива, правилници и друг вид на документи кои се потребни за работата на програмите за параправна помош. Ваквото редовно известување овозможува да се создадат можности за самообука на параправниците и подобрување на нивните знаења и вештини за начинот на остварување на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти. Во 2013 ЕСЕ започна и ја заврши фазата на подготовка и поставување на *електронската библиотека* со потребните ресурси за работата на програмите за параправна помош. Истата ќе биде поставена на постојната веб страна на организацијата, при што координаторите и параправниците ќе можат да ги користат материјалите преку регистрирање и влегување во истата. Библиотеката содржи повеќе компоненти, односно: релевантни меѓународни документи и механизми за заштита на човековите права; релевантни регионални документи и механизми за заштита на човековите права; национална законска рамка за заштита на човековите права; закони од областа на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти; останати закони и прописи од областа на здравството; превентивни и куративни програми на Министерство за здравство; механизми за заштита на човековите права во областа на здравствената заштита; закони и останати прописи од областа на социјалната заштита; документи за работа;

материјали од обуки; формулари и прирачници и дополнителна литература од областа на обезбедување на параправна помош.

- **Надградба на административните процедури.** Согласно потребите на програмите за параправна помош, ЕСЕ презеде конкретни активности насочени кон подобрување на системот на собирање на податоци и раководење со предмети. Во периодот на известување беа подготвени и воведени неколку нови формулари во работата на програмите за параправна помош. Значајно е да се напомене дека посетите на програмите за параправна помош кои се воведени од оваа година овозможуваат тековно следење на начинот на функционирање на административните процедури во програмите за параправна помош.

- **Мониторинг, поддршка и оценка на работата на параправниците.** Покрај редовните активности кои се преземаат во овој дел, како што се редовната комуникација и периодичното известување од страна на координаторите и параправниците, значајно е да се напомене воведувањето на директните посети како дополнителен механизам за следење на работата на програмите и осигурување квалитет при обезбедувањето на параправна помош. Целта е преку овие директни посети тековно да се следи работата на програмите за параправна помош, како и да се подготват конкретни препораки за унапредување на одредени аспекти од истата. Во периодот на известување ЕСЕ ги спроведе првите директни посети на програмите за параправна помош кон крајот на 2013 година, подготви извештаи со препораки за секоја од програмите за параправна помош и истите беа доставени до партнерските организации со цел унапредување на системот за собирање на податоци и раководење со предмети, како и за работата на програмите за параправна помош генерално.

Во рамки на активности насочени кон обезбедување на параправна помош и поддршка во локалните заедници се преземаа следните активности:

- **Селекција и ангажирање на параправник во село Црник, општина Пехчево.** Во рамките на партнерската организација КХАМ беше избрано лице за обезбедување на параправни совети и поддршка во село Црник, кое се наоѓа во соседната општина Пехчево. Потребата за воспоставување на програма за параправна помош во ова село е повеќе од оправдана доколку земеме во предвид дека станува збор за средина населена доминантно со ромско население (40%) кое се соочува со бројни облици на социјална исклученост во сите области од општественото живеење, вклучително и во областа на здравствената заштита. Олеснителна околност во оваа ситуација е тоа што организацијата КХАМ е веќе активно вклучена во решавањето на локалните проблеми и потреби во ова село и истата е препознаена како таква од страна на локалната ромска заедница. Покрај учеството на почетната обука во месец октомври, во периодот по отпочнување со работа новиот параправник помина одредено време на работа заедно со параправниците од КХАМ со цел негово оспособување за нудење на ваков вид на совети и поддршка. После ова параправникот продолжи со работа во село Црник

во претходно отстапените за таа намена простории од страна на општина Пехчево.

- **Обезбедување на параправна помош и поддршка.** Во текот на 2013 година од страна на програмите за параправна помош беше обезбедена поддршка и помош за вкупно 391 клиент. Податоците за работата на секоја од програмите за параправна се презентирани индивидуално во делот кој следи: **Центар за демократски развој и иницијатива (ЦДРИМ) – Шуто Оризари.** Во 2013 година се обратиле вкупно 87 клиенти, при што доминираат случаите поврзани со остварувањето на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти. За сите случаи е обезбедено основно советување за законските можности и механизмите за заштита на правата од областа на здравствената заштита, додека за дел од нив беше обезбедено упатување до соодветни здравствени установи, односно подготвен писмен поднесок. Покрај остварувањето на правото на здравје, поголем дел од клиентите се обратиле и за остварување на одредени права од областа на социјалната заштита, како што се: право на парична помош; право на туѓа нега; постојана парична помош, право на жалба и др. Во помал број на случаи припадниците на локалната ромска заедница се обратиле во програмата за параправна помош заради обезбедување на лична документација за остварување на одредени права во областа на образованието и вработувањето. **Ромски ресурсен центар (РРЦ) - Шуто Оризари.** Во текот на 2013 година во програмата за параправна помош при РРЦ се обратиле вкупно 114 клиенти. Во најголемиот број на случаи била обезбедена помош и поддршка за остварување на нивните права од областа на здравствената заштита, здравствено осигурување и заштита на правата на пациенти. Најмногу клиенти се обратиле за обезбедување на електронска здравствена картичка и здравствено осигурување; упатување и придружување на клиентите до надлежни здравствени институции; закажување на прегледи и лекување на терциерно ниво. Во неколку случаи параправниците во име на клиентите подготвиле барања за остварување на еднократна парична помош заради лекување или операција. Во дваесетина случаи била обезбедена помош и поддршка за остварување на конкретни права од областа на социјалната заштита, како што се: право на парична помош; постојана парична помош, право на жалба поради укинато право и др. **КХАМ – Делчево.** Во периодот на известување се обратиле вкупно 190 клиенти. Најголемиот дел од лицата се обратиле за остварување на нивните права од областа на здравствената заштита, здравствено осигурување и заштита на правата на пациенти. Дел од услугите кои биле обезбедени од страна на параправниците се: закажување на лекарски прегледи (кај специјалист, гинеколог, педијатар и др.); упатување и придружување на клиентите до здравствените установи; подготовка на барања за надомест на трошоци за лекови и операција; поднесување на пријава поради непрофесионален однос на здравствените работници и др. Во поголем број на случаи клиентите се обратиле за остварување на нивното право на туѓа нега. Покрај правото на здравје, локалното ромско население во голема мера се соочува со одредени потешкотии при остварувањето на правото на социјална заштита и истото се одразува во преку зголемениот број на предмети поврзани со остварување на посебни права од областа на социјалната заштита, како што се:

право на парична помош; постојана парична помош, поднесување на барања за остварување на еднократна парична помош,поднесување на жалби заради укинување на одредени права од областа на социјалната заштита и др. Покрај обезбедувањето на помош и поддршка во индивидуални случаи, програмата за параправна помош беше активна и во адресирањето на одредени колективни потреби на заедницата, како што е случајот со заедничката иницијатива со Основното училиште „Ванчо Прке“ за обезбедување на бесплатна кујна за 12 ученици од социјално загрозени семејства, најголемиот дел Роми.

- **Организирање на промотивни активности (врата до врата).** Параправниците во континуитет ги организираат активностите од врата до врата врз основа на претходно утврдена динамика и временски интервал. Посетени се над 700 ромски семејства и истите се информирани за видот на услугите кои се обезбедуваат преку програмите за правна помош во нивните заедници.
- **Организирање на едукативни работилници.** Во текот на 2013 година беа организирани вкупно осум едукативни работилници, односно четири работилници беа организирани во општина Шуто Оризари (од страна на ЦДРИМ и РРЦ) и четири работилници во општина Делчево, односно село Црник (од страна на КХАМ). Во првата половина од 2013 година КХАМ организираше две едукативни работилници на темите права на пациенти, рефундирање на средства и бањско лекување. Една од работилниците се организираше во Делчево, додека другата во селото Црник во соседната општина Пехчево. Претставник од ФЗОМ им се обрати на присутните и ги информираше за начинот на остварување на нивните права во областа на здравствената заштита. На двете работилници учествуваа над 60 учесници при што по одржувањето на работилниците на заинтересираните лица им беа прегледани наодите и сметките и им беше укажано како да го остварат правото на здравје. Во втората половина од 2013 година во Делчево и село Црник беа организирани две едукативни работилници на тема „Помош и нега од друго лице“. На секоја работилница учествуваа по 25-30 учесници. На присутните им се обратија претставници од Центрите за социјални работи (ЦСР) од Делчево и Берово одговорни за остварување на правото на туѓа нега и детално ги информираа за начинот на одлучување и вршење на исплата по овој основ. Во месец јуни 2013 година во канцелариите на РРЦ се одржа едукативна работилница со населението од Шуто Оризари на темата *“Здравствените картички како нова промена во здравството и обврските на граганите согласно промената”.* На настанот присуствуваа 35 учесници, претставници од РРЦ и еден предавач. Во месец декември 2013 година се одржа едукативна работилница на тема „Права на пациенти“ со фокус на правото на согласност, односно потпишување на болнички изјави од страна на пациентите. Оваа работилница беше испорачана од страна на параправниците и координаторот при РРЦ, при што се придонесе за поголемо афирмирање на организацијата во јавноста и нивно препознавање од страна на заедницата. Во месец мај 2013 година ЦДРИМ организираа едукативна работилница на тема „Право на постојана парична помош – туѓа нега„. На настанот присуствуваа 28 учесници, претставници од ЦДРИМ и еден предавач. Во текот на работилницата учесниците ги истакнаа проблемите со кои се соочуваат во постапката за остварување на правото на помош и нега од друго лице, при што од страна на

предавачот беа информирани подетално за начинот на остварување на ова право, критериумите кои треба да бидат исполнети и документацијата која е потребна. Во месец јуни 2013 година се оддржа едукативна работилница на тема „Остварување право на социјална заштита“. На работилницата присуствуваа 27 учесници, претставници на ЦДРИМ и предавач - претставник од ЦСР. Работилницата беше организирана со цел информирање на локалното ромско население за начинот на остварување на посебните права од областа на социјалната заштита, во ситуација кога поголем дел од корисниците на социјална парична помош во општината се соочиле со укинување на истата.

- **Организирање на средби со релевантни актери на локално ниво.** Во текот на 2013 година беа организирани низа средби со релевантни актери на локално ниво од страна на локалните ромски партнерски организации. Целта на овие средби е да се утврдат насоките за соработка и да се координираат активностите на сите институции кои учествуваат во обезбедувањето на соодветна здравствена заштита за Ромите на локално ниво.

**НАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА “Здравјето на Ромите - пристап, предизвици и можности за подобрување"**

На 8- ми ноември 2013 година, ЕСЕ во соработка со ромските партнерски организации ЦДРИМ , РРЦ , Лил и КХАМ ја организираше националната конференција "Здравјето на Ромите - пристап, предизвици и можности за подобрување". Целта беше да се презентираат основните концепти за подобрување на пристапот до здравствените услуги и остварување на правата од областа на здравствената заштита на Ромите, кои во изминатите години беа применети од страна на ЕСЕ и партнерските организации со поддршка од Фондацијата Отворено Општество Македонија. Конференцијата беше отворена од страна на Јасминка Фришчиќ, Извршна директорка на Здружението ЕСЕ и Сузана Велковска, координаторка на Програмата за јавно здравство во ФООМ.

Две пленарни сесии се одржаа на националната конференција и тоа:
***Пленарна сесија 1 – Подобрен пристап и зголемени можности за остварување на здравствените права на Ромите преку обезбедување на параправна/ правна помош и поддршка.*** На оваа сесија беше презентиран концептот на обезбедување параправна помош во областа на здравствената заштита, како и резултатите од работата на програмите за параправна помош во општините Шуто Оризари и Делчево. Направено беше разграничување на концептот на параправна помош од концептот на правна помош и беа идентификувани можностите за нивно усогласување и меѓусебно јакнење. На оваа сесија на учесниците им се обратија претставници од ЕСЕ и од партнерските организации вклучени во проектот, ЦДРИМ, РРЦ и КХАМ, како и претставници од други организации кои спроведуваат слични иницијативи на полето на унапредување на ромското здравје, како што се РОМА СОС и Асоцијацијата ХЕРА. На присутните им се обратија: Стојан Мишев, модератор од ЕСЕ; Зоран Биковски, координатор во КХАМ; Фатима Османовска, координаторка од РРЦ; Серхан Исмаил, координатор во ЦДРИМ; Ромина Кајтазова, параправник во КХАМ; Александар Петрушоски, параправник во РРЦ; Дарко Коцевски, параправник во ЦДРИМ; Тање Тренковска, адвокат во РОМА СОС и Игор Крстевски, адвокат во ХЕРА. Учесниците на конференцијата беа информирани за процесот на

воспоставување на програмите за параправна помош и за напорите кои беа преземени од страна на ЕСЕ, вклучувајќи ја и поддршката обезбедена за локалните партнерски организации пред и по воспоставувањето на програмите за параправна помош во нивните заедници. Институционалното јакнење и континуираните активности за јакнење на капацитетите кои се обезбедуваат од страна на ЕСЕ се неопходни за соодветно воспоставување и оперирање на програмите за параправна помош. На оваа сесија исто така беа презентирани резултатите од работата на програмите за параправна помош, вклучувајќи го бројот на корисници и видот на обезбедени услуги од страна на параправниците. Учесниците на конференцијата имаа можност да се запознаат со доминантните проблеми на Ромите во областа на здравствената заштита, како и за предизвиците со кои се соочуваат параправниците кога ги адресираат овие проблеми. Значајно е да се напомене дека на настанот се обрати и една клиентка на програмата за параправна помош при КХАМ и го изрази своето задоволство од обезбедената помош и поддршка. Покрај партнерите на ЕСЕ, на конференцијата се обратија и претставници од други организации кои обезбедуваат параправна помош (ХЕРА) или правна помош (РОМА СОС) за Ромите во областа на здравството.

***Пленарна сесија 2 – Пристапи на мониторинг на буџети и мониторинг на заедницата насочени кон подобрување на здравствената состојба на Ромите на локално ниво.*** Модератор на оваа пленарна сесија беше Борјан Павловски од ЕСЕ и презентери беа - Кемал Исмаил од ЦДРИМ , Елена Костовска од ЛИЛ , и Ромина Кајтазова од КХАМ.Во рамките на оваа сесија беше презентирано следното: осврт на фактичката состојба на ромските деца и покриеноста со имунизација и превентивни здравствени услуги во нивните општини; главните проблеми со кои се соочуваат Ромите во пристапот до превентивни здравствени услуги; како и зошто е вклучена заедницата во процесот на дефинирање на проблем, мониторинг на здравствените услуги и застапување за промени; главните промени кои се постигнати на полето на покриеност на ромите со превентивни здравствени услуги. Од презентациите и дискусијата во оваа сесија можеме да заклучиме дека преку примената на двата пристапа – мониторинг на буџети и мониторинг на заедницата, партнерските организации можат јасно да ги идентификуваат главните пречки, да подготват препораки за подобрување, како и успешно да застапуваат на локално и национално ниво. Дотолку повеќе што целокупната работа е базирана на докази и нагласено е активното вклучување на локалната ромска заедница.

Во 2013 беа постигнати следните резултати:

- идентификувано е ново лице за обезбедување на параправна помош и поддршка во село Црник, Општина Пехчево;
- зголемени знаењата и вештините на пошироката група на параправници по однос на концептот за параправна помош здравјето; основната поставеност на здравствениот систем; правата од областа на здравствената заштита; здравственото осигурување и заштита на права на пациенти преку спроведување на почетна обука;
- зголемени се знаењата и вештините на пошироката група на параправници од областа на недискриминацијата и работните односи;

- воспоставени се директните посети како нов механизам за следење на квалитетот во работата на програмите за параправна помош;
- организирани се првите директни посети во програмите за параправна помош во рамките на партнерските ромски организации;
- организирани се низа едукативни работилници со локалното население;
- надградени се административните процедури за собирање на податоци и раководење со предмети.

## ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

ЕСЕ во текот на 2013, континуирано спроведуваше активности за унапредување на транспарентноста во работењето на владините институции, а особено на институциите од јавниот здравствен сектор.

**Спроведување на постапка за пристап до информации од јавен карактер.** Преку постапката за пристап до информации од јавен карактер од целните институции се бараа копии од документи кои јавните институции се должни да ги подготвуваат во текот на процесот на планирање и реализација на програмите за превентивна здравствена заштита и буџетите на истите, а кои не се јавно достапни. Во таа насока баравме копии од задолжителните финансиски/трезорски и програмски документи кои извршителите на активностите се должни да ги подготвуваат. Овие документи беа барани наизменично од секој извршител.
Во текот на годината подготвивме и доставивме вкупно 433 барања за пристап до информации од јавен карактер до 37 јавни институции. Во текот на постапката поднесовме 260 жалби и 57 ургенции до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради молк на институциите и поради несоодветен квалитет на добиените одговори. При тоа, Комисијата одговори на 237 жалби поднесени од ЕСЕ, при што, со 36 решенија ги усвои образложенијата дадени од ЕСЕ како образложение на поднесените жалби и ги задолжи имателите на информации да ги достават бараните информации до ЕСЕ. По однос на останатите жалби Комисијата донесе заклучоци за запирање на постапката со образложение дека имателот ја обезбедил бараната информација. Бидејќи на 18 од донесените решенија на Комисијата, во овој период не беше постапено, а во насока на искористување на сите заштитни механизми за обезбедување на потребните информации, ЕСЕ поднесе 18 претставки до Државниот управен инспекторат на Р. Македонија. Меѓутоа, на ниту една од претставките инспекторатот не одговори позитивно. Во подготвителниот процес на постапката за барање на информации од јавен карактер, во процесот на селекција на јавно достапни документи поврзани со нашиот предмет на анализа, како и во процесот на спроведување на активностите, ЕСЕ во текот на 2013 година, соработуваше со: правната програма при ФООМ и постојаните надворешни соработници на ЕСЕ.

**Средби со одговорни лица од целните институции.** Во текот на постапката за барање на информации од јавен карактер беа остварени вкупно три средби со одговорни лица од

институциите опфатени со постапката и тоа: средба со претставници од ЈЗУ Здравствен дом – Скопје и Секторот за превентивна здравствена заштита од Министерството за здравство (Нермина Факовиќ – Координатор на спроведувањето на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и Сања Саздовска - Координатор на спроведувањето на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, компонента за скрининг на карцином на грло на матка); дводневна работна средба на граѓански организации, претставници од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации до јавен карактер на РМ (КОМСПИ) и претставници на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од Словенија, организирана од страна на КОМСПИ.

**Мониторинг на интернет страниците на јавните институции.** Во овој период ЕСЕ спроведе мониторинг на интернет страниците na седум јавни институции и тоа: Министерството за финансии, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Здравствен дом Скопје, општина Кочани, општина Тетово и Институтот за јавно здравје. Во текот на овој процес, ја утврдувавме достапноста на основните документи кои институциите треба да ги подготвуваат во текот на буџетскиот процес. Покрај тоа следевме и низа други индикатори, односно :дали институциите имаат сопствена интернет страна; дали ја објавиле стратегија за работа/стратешките приоритети на институцијата и за која година последно е објавен ваквиот документ; дали ја објавуваат годишната програма за работа и за која година последно е објавен ваквиот документ; дали го објавуваат предлог буџетот и за која година последно е објавен ваквиот документ; дали го објавуваат донесениот буџетот и за која година последно е објавен ваквиот документ; дали ги објавуваат месечните, полугодишните и годишните буџетски извештаи и за која година последно се објавени овие документи; и дали објавуваат податоци за лицата кои се одговорни и назначени за посредување во процесот на барање на информации од јавен карактер и постапката за начинот на остварување на правото за пристап до информации од јавен карактер.

**Активности за подигнување на свесноста кај јавните институции за потребата и важноста од транспарентно и отчетно работење, проследени со застапување.** Во оваа насока во текот на 2013 година беа спроведени низа активности, меѓу кои: учество во подготовката на истражувањето спроведено од страна на ФООМ кое требаше да даде оценка на процесот на користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на граѓанските организации и граѓаните; доставен предлог, за измени и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерството за правда (работна група за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер); промовирање на резултатите од спроведеното истражување за оценка на вклученоста на граѓаните во процесот на донесување на одлуки и буџетскиот процес во општините Кочани и Тетово по повод меѓународниот ден "ПРАВО ДА ЗНАМ.

**Континуирано одржување на интернет страната на ЕСЕ, сегментот за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции.** ЕСЕ на својата официјална интернет страница, посвети посебен дел преку кој подетално го презентираше значењето и важноста на фискалната транспарентност и отчетност. Односно, на

интернет страницата ги објавивме сите постоечки законски одредби и информации за пристап до информации од јавен карактер, учество во работата на јавните институции, мониторинг на работењето на јавните институции, како и обврските на Владата и владините институции за објавување на информации и транспарентно и отчетно работење. Воедно ги презентиравме сите значајни меѓународни иницијативи за унапредување на транспарентноста и отчетноста во работењето на јавните власти и сите индекси и податоци со кои е оценувано нивото на транспарентно и отчетно работење на властите во Р. Македонија. Исто така ги објавивме и информациите добиени преку постапките за пристап до информации од јавен карактер кои ЕСЕ ги има спроведено во изминатите години.

**Членување во меѓународни мрежи и иницијативи за транспарентност и отчетност.** Во текот на 2013 година, ЕСЕ ја потпиша декларацијата од Дар Ес Алам и стана дел од глобалното движење за буџетска транспарентност, отчетност и партиципација (БТАП). Воедно станавме дел од мрежата на организации кои работат на полето на мониторинг и анализа на буџети, буџетска транспарентност и партиципација предводена од IBP (International Budget Partnership) и мрежата на граѓански организации кои го следат спроведувањето на процесот на имплементација на иницијативата на Отворено владино партнерство. Како резултат на членувањето на овие мрежи, беа подготвени низа на докуметни и беа спроведени низа на заеднички иницијативи за унапредување на фискалната транспарентност на јавните институции.

**Подготвена анализа на вкупните и јавните трошоци за здравство во РМ**. Во текот на 2013 година подготвивме анализа на вкупните трошоци за здравство во Р. Македонија и анализа на јавните трошоци за здравство. Оваа анализа покажа загрижувачки податоци за начинот на менаџирање со јавните средства, како и нивното алоцирање и користење. И при оваа анализа се соочивме со проблеми и пречки во пристапот до информации. Резултатите од овие анализи се сумирани и ќе бидат искористени во натамошниот процес на застапување.

**Воспоставена поблиска соработка со претседателот на Собраниската Комисија за финансирање и буџет и присуствуваме на 77-та седница на комисијата.** Во месец октомври 2013 година, на барање на ЕСЕ, претставник на ЕСЕ присуствуваше на 77-та седница на Собраниската Комисија за финансирање и буџет. На оваа седница, членовите на оваа Комисија дискутираа по Владиниот предлог за измени и дополнување на буџетот на РМ за 2013 година. Преку присуство на седницата, ЕСЕ имаше за цел поблиску да се запознае со начинот на работење на Комисијата, како и со претставниците на истата. Со присуството на средбата оствconfigurations поблиска соработка со претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, Маријанчо Николовски и поблиску се запознаевме со присутните парламентарци. Оваа соработка, ќе ни послужи за натамошно продлабочување на соработката и олеснување на комуникацијата со Комисијата и нејзините членови.

Преку спроведување на овие активности во 2013 ги постигнавме следните резултати:

- подготвени и доставени вкупно 433 барања за пристап до информации од јавен карактер до 37 јавни институции,
- поднесени 260 жалби и 57 ургенции до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и 18 претставки до Државниот управен инспекторат на Р. Македонија;
- донесени 36 решенија за усвојување на поднесените жалби и задолжување на имателите на информации за обезбедување на бараната информација, од страна на Комисијата;
- остварени директни средби со одговорните лица од: ЈЗУ Здравствен дом – Скопје, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации до јавен карактер на РМ (КОМСПИ) и претставници на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од Словенија и претставници од Секторот за превентивна здравствена заштита од Министерството за здравство;
- подготвена методологија за мониторинг на интернет страниците на јавните институции, со цел утврдување на степенот на транспарентност и отчетност на истите и извршен мониторинг на интернет страниците на седум јавни институции, според горенаведената методологија;
- објавени документите од јавните институции добиени по пат на барања за пристап до информации од јавен карактер на интернет страната на ЕСЕ;
- зачленување на ЕСЕ во Глобалното движење за буџетска транспарентност, отчетност и партиципација (БТАП) и Групата на граѓански организации за Отворено владино партнерство;
- иницирана и започната иницијатива, за подготовка и предлагање на активности за Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 – 2016 година, со вклучување на 8 други граѓански организации;
- подготвена анализа на вкупните и јавните трошоци за здравство во Р. Македкоја; и
- воспоставена соработка со Комисијата за финансирање и буџет при Собранието на РМ и присуство на една комисиска расправа по предлог измените и дополнувањата на буџетот на РМ за 2013 година.

# ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## МОНИТОРИНГ И ЗАШТИТА НА ЖЕНСКИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА – ОБУКА ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во периодот од 15 - 17 март во Скопје, ЕСЕ во соработка со организацијата International Women's Rights Action Watch – IWRAW Asia Pacific реализираше тридневна работилница на тема: „Консултации за примената на Конвенцијата CEDAW и заклучните препораки со цел унапредување на родовата еднаквост во Република Македонија. Следните организации присуствуваа на обуката: Отворена порта- Ла Страда, ХЕРА, Акција Здруженска, Женски форум Тетово, Фондација Отворено Општество Македонија, ХОПС, Коалиција„ Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници, Организација на жени на град Скопје, Унија на независни синдикати, и Рома Центар - Скопје,

Оваа работилница е дел од активностите кои ЕСЕ ги презема на полето на мониторинг на женските човекови права и независно известување за состојбите пред соодветните меѓународни тела, особено пред Комитетот при Обединетите нации задолжен за следење на имплементацијата на Конвенцијата CEDAW. Имено, на 54-тата сесија на Комитетот одржана во 2013 година, Република Македонија известуваше во однос на имплементацијата на одредбите од Конвенцијата (четврти и петти извештај), додека ЕСЕ и Акција Здруженска известија за состојбите врз основа на подготвениот извештај во сенка. Извештајот во сенка беше подготвен со помош и соработка на дванаесет граѓански организации. Работилницата имаше за цел да ги унапреди познавањата и вештините на претставниците на релевантните здруженија на граѓани во однос на корисноста на Конвенција, како и да обезбеди широк консултативен процес со цел понатамошно следење на имплементацијата на усвоените заклучни препораки на Комитетот во однос на нашата држава. Дел од обуката беше организиран преку работа во групи, при што учесниците работеа на идентификување на состојбите во однос на: насилство врз жени; трговија со луѓе; маргинализирани групи на заедници (ЛГБТИ популација,корисници на дроги, лица кои живеат со ХИВ и насилство насочено кон овие групи); традиционални вредности и положбата на жените Ромки. Завршниот дел од обуката беше фокусиран на утврдување и развивање на план за застапување и предлагање на конкретни акции кои имаат за цел следење на имплементација на Заклучните препораки во однос на горенаведените родови прашања. Посебно ќе се следи имплементацијата на заклучните препораки кои се однесуваат на насилство врз жени и за кои нашата држава треба да извести во 2015 година.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНА, ПСИХОЛОШКА И ЗДРАВСТВЕНА ИНФОРМАЦИЈА И ПОМОШ НА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ

**Центар за правна помош на жртви на семејно насилство.** Центарот за правна помош при ЕСЕ и во текот на 2013 година продолжи со обезбедување правна помош, советување и упатување на клиентите до соодветни надлежни институции за остварување на нивните права. Дополнително, Здружение ЕСЕ обезбеди и бесплатно застапување на одреден број жртви на семејно насилство пред националните судови. Во текот на 2013 година, во Центарот за правна помош при Здружение ЕСЕ, за прв пат се обратиле вкупно 221 клиент. Правната помош и во текот на оваа година беше реализирана преку обезбедување правна помош и поддршка на жени жртви на семејно насилство и

маргинализирани групи (жени кои живеат во социо-економски неповолни услови, жени Ромки) преку давање правни совети, подготовка на писмени поднесоци (жалби, тужби, претставки и поднесоци до надлежни институции), како и упатување на клиентите до соодветни надлежни институции за остварување на нивните права. Дополнително, правни совети и упатувања се обезбедуваа и преку телефонски јавувања за клиенти кои од било која причина не беа во можност да дојдат во нашите простории. Оваа година во Центарот за правна помош одржани се вкупно 570 индивидуални средби по претходно закажани термини. Имено, од вкупниот број клиенти кои се обратиле во Центарот за правна помош, 146 клиенти се интересирале за иницирање и текот на постапката за развод на брак. Оваа бројка е голема и се должи на фактот што жртвите на семејно насилство, спас и излез од ситуацијата во која се наоѓаат бараат токму во поведување на бракоразводна постапка. Во однос на останатите прашања, 94 од клиентите се интересирале за старателство врз дете, 99 од клиентите се интересирале за плаќање односно неплаќање алиментација, 29 од клиентите кои се обратиле во Центарот за правна помош се интересирале за имотни предмети, 11 клиенти се интересирале за кривични предмети и две клиентки се интересирале за итна заштита од семејно насилство, при што на истите им беше изготвен Предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Во однос на бесплатното застапување на жените жртви во судски постапки (граѓански и кривични), во текот на 2013 година, застапувани се вкупно шест клиентки пред првостепени судски органи. Две од клиентките се застапувани во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство, една во постапка за менување на судска одлука за доверување на дете, една во постапка за развод на брак и старателство врз дете, една во кривична постапка за тешка телесна повреда, поведена од страна на МВР по службена должност и во истражна постапка за пријавено семејно насилство.

**Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство.** Потребната помош во психолошкото советувалиште и во 2013 година ја обезбедуваше советувач – терапевт еднаш во текот на неделата. Во текот на 2013 година, во психолошкото советувалиште се обратиле вкупно 59 клиенти, од кои 41 се обратил за прв пат, а одржани се вкупно 111 индивидуални средби. Советувалиштето првенствено е наменето за жени жртви на семејно насилство, но понекогаш за психолошка помош се јавуваат и мажи, брачни парови заедно, како и деца на жртвите на семејно насилство. Во текот на 2013 година, од вкупниот број клиенти кои се јавиле за прв пат, имало вкупно 39 жени и двајца мажи. Триесет и осум од клиентите кои се јавиле во психолошкото советувалиште побарале помош во врска со семејно насилство. Психичкото страдање е регистрирано кај 35 од клиентите, 26 доживеале физичко насилство, десет економско и четиринаесет сексуално насилство. Имено, сексуалното насилство како вид на насилство со кое се соочуваат жртвите на семејно насилство кои се обраќаат во психолошкото советувалиште при Здружение ЕСЕ, е значително зголемено во текот на 2013 година. Како сторител на семејното насилство во најголем број случаи се јавува брачниот партнер, во вкупно 32 случаи, во еден случај се јавува поранешниот брачен партнер, во четири случаи роднините, односно ќерката, синот, таткото и свекрвата и во еден случај вонбрачниот партнер. Психологот, во 2013 година реализирал 81 советување, 27 тераписки интервенции и 26 психолошки интервенции. Дел од клиентите биле упатени до

соодветни надлежни институции, при што на една клиентка и е закажан преглед во Завод за ментално здравје за деца и млади, а на една клиентка и е закажан преглед кај психијатар. Една клиентка е упатена во Завод за ментално здравје за деца и млади, една е упатена да се јави кај психијатар, четири се упатени кај адвокатот во Центарот за правна помош при ЕСЕ, а пак една клиентка е упатена да го однесе своето дете во Заводот за ментално здравје за деца и млади за педијатарски преглед. По завршеното советување, кај три од клиентите нема промена на состојбата, кај 16 е регистрирано подобрување на психичката состојба, пет го подобриле квалитетот на комуникација со семејството, три се уште доаѓаат на закажани термини кај психологот и за 17 од клиентките немаме повратни информации бидејќи не дошле на следниот закажан термин.

**Здравствен информативен центар.** Здравствено информативниот центар во текот на целата година обезбедува здравствени совети на жените преку телефонска линија и директни средби; обезбедува информации за местата и видот на здравствени услуги кои им се потребни на жените; обезбедува директни здравствени услуги како што се одредување на параметри во крвта: шеќер, холестерол и триглицериди, како и мерење на крвен притисок. Во 2013 година вкупно 48 клиентки го посетија здравствениот информативен центар за совети или користење на директни услуги. При тоа 32 клиентки се обратиле во центарот за совети поврзани со остеопорозата, додека 16 клиентки се обратиле за проверка на параметри во крвта и мерење на крвен притисок.

**Организирање на новогодишна забава.** Во текот на месец октомври, 2013 година беа доставени вкупно 26 барања до компании и организации од Р. Македонија. Од истите се бараше донација од дел од својот асортиман, а кој ќе се искористи за подготовка на новогодишни пакетчиња на жртвите на семејно насилство. Барањата беа доставени преку електронска пошта на официјалните е-маил адреси на потенцијалните донатори и преку fax. Од поднесени вкупно 26 барања, 6 компании и организации помогнаа и се вклучија во реализација на Новогодишната забава. На новогодишната забава присуствуваа вкупно 38 деца и нивните родители, клиенти на Центарот за правна помош и Психолошкото советувалиште при Здружение ЕСЕ, како и претставници на донаторите и персоналот на Здружение ЕСЕ. Вкупно беа поделени 42 новогодишни пакетчиња. Како поддржувачи на Новогодишната забава се вклучија: ЗОО градина Скопје, Ротари Клуб Скопје, Макпрогрес Виница, Vincini, Office Plus, Рамстор. Новогодишната забава е дел од Програмата за работа на ЕСЕ за 2013 година.

Во 2013 беа постигнати следните резултати:

- 221 нови клиенти се обратиле за помош во Центарот за правна помош за жртви на семејно насилство;
- реализирани 570 индивидуални средби за обезбедување на правна помош и поддршка
- подготвени правни поднесоци на 146 клиенти во однос на развод на брак, старателство (94), за плаќање, односно неплаќање алиментација (99), имотноправни предмети (29) и кривични предмети (11);
- реализирани 81 советување, 27 тераписки интервенции, 26 психолошки интервенции во рамки на Психолошкото советувалиште;

- регистрирано подобрување на психичката состојба кај 16 клиентки, пет го подобриле квалитетот на комуникација со семејството, три сеуште доаѓаат на закажани термини кај психологот;
- 48 лица ги користеле услугите на Здравствениот информативен центар (добивање на здравствена информација и обезбедување на директни здравствени услуги);
- организирана новогодишна забава и обезбедени новогодишни пакетчиња за 42 деца.

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СУДСКА ЗАШТИТА ПРИ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Иако замислени како столб на граѓанско правниот систем на заштита, привремените мерки за заштита на жртвите на семејно насилство во недоволна мера се имплементираат од страна на институциите со законски мандат за нивно иницирање, изрекување, спроведување и следење. Привремените мерки за заштита имаат за цел овозможување на непосредна и брза заштита на жртвите. Дел од нив имаат забранувачки карактер (забрануваат одредено однесување на насилникот), а дел имаат императивен карактер (наредуваат одредено однесување на насилникот). Нивното користење во заштитата на жртвите во РМ е на незадоволително ниво. Имено, од една страна жртвите се недоволно информирани за заштитата која се обезбедува со овие мерки за заштита, додека од друга страна идентификувани се конкретни пропусти во постапувањето на релевантните институции.

Податоците од претходно спроведените истражувања за институционално постапување[1] во случаи на семејно насилство, укажуваат на несензибилност и неразбирањето на судиите за проблематиката на семејно насилство (природата и видовите) што резултира со делумно изрекување на предложените привремени мерки на заштита. Имено, судиите често пати изрекуваат помалку од предложените привремени мерки за заштита, и покрај тоа што за истите има потреба. Не е запазена ниту итноста на постапката, односно во голем број на случаи повие мерки се изрекуваат вон законски предвидениот рок. Па така, наместо истите да се изречат на првото судско рочиште, тие во одредени случаи се изрекуваат дури на десеттото рочиште. Со тоа се оневозможува потребната заштита и жртвата на семејно насилство, односно таа дополнително се излага на уште поголем ризик од насилство.

Поради тоа во 2013 година ЕСЕ започна со спроведување на активности кои ќе овозможат значително подобрување на граѓанско правниот систем на заштита, односно преку истата ќе се унапреди можноста за брза, соодветна и координирана заштита на жртвите на семејно насилство. Активностите се однесуваат на жените- жртви на семејно насилство, како и на судиите кои постапуваат во судски предмети за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство во четири основни суда во РМ.

[1] Живот во сенка, Истражување за темната бројка и институционалниот одговор кон семејното насилство, 2007, Здружение ЕСЕ

Жените –жртви на семејно насилство беа вклучени во спроведување на ПЛАНИРАНИТЕ активности на повеќе начини, односно преку: членување во работната група која го подготвува формуларот/образецот за набљудување на судските случаи; во разгледување на наодите и препораките од спроведеното набљудување и при спроведување на анкетата која ќе претходи на подготовка на Водичот за постапката на изрекување на привремените мерки за заштита наменет за жените- жртви на семејно насилство.

Судиите кои постапуваат во случаи на изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство, се исто така, засегната страна во овој проект. Тие, се вклучени преку: набљудување на судските предмети во кои тие постапуваат; учество на индивидуалните средби за разгледување и дискутирање на наодите и препораките од набљудувањето; и учество на форумот на кој ќе се разгледуваат севкупните наоди и препораки (судиите и претставници на вклучените судови).

Во текот на 2013 година беа реализирани следниве активности:

- **Воспоставување соработка со основните судови.** Согласно предвидените активности во текот на месец септември 2013 ЕСЕ подготви и испрати писмо (барање) за воспоставување на соработка со четирите основни судови: Скопје, Битола, Тетово и Штип. Писмото содржеше и барање за доставување на податоци за тековни постапки за изрекување на ПМЗ. Во текот на месец октомври од страна на основните судови беше пратен повратен одговор дека истите немаат евидентирано тековни судски предмети за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Поради ова, одлучивме да ја измениме методологијата на прибирање на потребните податоци – увид во завршени судски постапки. За таа цел, барање за соработка и за доставување на податоци (за тековни и за завршени судски постапки) беше пратено до сите 27 основни судови во државата, па последователно по добиениот одговор и барање до селектираните судови за дозволување на увид во завршени судски постапки од ваков вид. По добиениот одговор од страна на основните судови, беше воспоставена соработка со судовите кои доставија информација за тековни или завршени судски постапки, и тоа воспоставена е соработка за **набљудување** на тековни судски постапки во повеќе основните судови и тоа во: Струмица, Тетово, Куманово, Битола, Радовиш, Штип и Дебар.

- **Подготовка на формулар за набљудување (прашалник).**Со цел подготовка на образецот за набљудување (прашалник) идентификувани беа лицата и составен беше тимот за таа намена. Особено е значајно тоа што во подготовката на формуларот директно учествуваа и беа консултирани три жени жртви на семејно насилство кои имаат претходно искуство со судските постапки од ваков вид. Покрај нив, во подготовката на прашалникот учествуваа: кривичен судија, граѓански судија, адвокати кои имаат искуство во иницирање на вакви постапки (двајца), претставници од ЕСЕ и претставници од Коалиција Сите за правично судење. По формирањето на работниот тим од страна на ЕСЕ беа организирани две работни средби, како и дополнителни консултации по електронски пат по што формуларот беше подготвен. Прашалникот претставува основа за собирање

на податоците од судовите во однос на постапката за изрекување на привремените мерки за заштита (ПМЗ) на жртвите на семејно насилство.

- **Идентификување на набљудувачи и организирање на обука за следење на судските постапки.** Поради претходното искуство на полето на набљудување на тековни судски предмети и кредибилитетот на ова поле, ЕСЕ ја ангажира Коалицијата Сите за правично судење со цел искористување на нивните човечки ресурси за спроведување на процесот на добивање на податоци за судски предмети за изрекување на ПМЗ. Соработката со Коалицијата беше воспоставена во процесот на планирање на активностите. Во консултација со Коалиција Сите за правично судење беа идентификувани вкупно 10 набљудувачи. Станува збор за лица – правници кои имаат долгогодишно искуство и изградени капацитети за тековно набљудување на судски постапки, при што беа зајакнати нивните знаења и вештини во однос на семејното насилство. Обуката беше организирана во периодот 17-18 декември 2013 во просториите на ГЕМ Клубот во Скопје. Истата беше испорачана од страна на претставници на ЕСЕ (координаторот и асистентот на проектот), Стојан Михов, судија од Основен Суд Штип и Гоце Ситникоски, координатор во Коалиција Сите за правично судење. Како резултат на истата, учесниците беа детално информирани за: природата, облиците, застапеноста и последиците од семејно насилство; законското регулирање во кривично правниот и граѓанско правниот систем на заштита со фокус на постапките за изрекување на ПМЗ; содржината на формуларот и вршење на набљудување и увид во судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.

- **Следење на за постапките за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и собирање на податоци.** Во 2013 година спроведено е тековно набљудување на вкупно 13 судски предмети за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство во основните судови во: Струмица, Тетово и Куманово. Значајно да се напомене е дека доколку во периодот кој следи се добие информација за иницирани постапки од ваков вид од страна на некој друг основен суд, истите ќе биде предмет на набљудување. Увидот во завршени судски постапки во судовите во Радовиш, Штип, Битола и Дебар е договорено да се реализира во месец јануари 2014.

Во 2013 година беа постигнати следните резултати:

- воспоставена е соработка со три Основни судови за набљудување на тековни предмети (Струмица, Куманово и Тетово), како и соработка со четири основни судови за спроведување на увид во завршени судски постапки (Битола, Штип, Радовиш, Дебар).
- подготвен е истражувачкиот инструмент (прашалник);
- идентификувана се 10 набљудувачи и истите се обучени за спроведување на набљудување и увид во судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство;
- обезбедени се првични податоци за начинот на постапување на судовите преку набљудување на тековни судски постапки.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2013 – ДЕКЕМВРИ 2013

# Приходи за 2013

| **Приходи по основи** | **Износ во МКД** |
|---|---|
| . Пренесени средства од претходна година | 4.085.308 |
| . Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 13.488.467 |
| . Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 31.713 |
| . Други приходи | 432.438 |
| Вкупен приход | 18.037.926 |
| Остаток за наредна програмска година (2014) | 5.917.824 |

| **Приходи по основи и донатори** | **износ во МКД** |
|---|---|
| **Приходи од грантови и договори за соработка** | |
| **ЦИРа** (CIVICA Mobilitas) | 137.072 |
| **ФООМ** (Фондација отворено општество Македонија) | 12.327.170 |
| **IWRAW –AP** | 354.156 |
| **IPPF** | 45.089 |
| **Проект на УСАИД за граѓанско општество** | 577.870 |
| **ЗГ ХЕРА** | 24.000 |
| **Приходи од членарини** | 13.500 |
| **Приходи од донации од правни и физички лица** | 9.610 |
| **Вкупно** | 13.488.467 |

**Преглед на реализирани трошоци за 2013**

| **Основ** | **износ во МКД** |
|---|---|
| Програмски трошоци и оперативни трошоци | 7.453.130 |
| Плати | 4.627.813 |
| Капитални расходи | 39.159 |
| **ВКУПНО** | **12.120.102** |